# THE ROLE OF INSPECTION SUPERVISION IN THE WORK OF THE SPORT CLUBS OF THE CITY OF SKOPJE

**Tanja Kitanovska Stojkovska**
AUE - FON University, Skopje, North Macedonia, tanja.kitanovska@fon.edu.mk
**Fasli Sali**
State Administrative Inspectorate, Skopje, North Macedonia, fazli.sali@skopje.gov.mk

**Abstract:** Inspection supervision is carried out by applying written rules and regulations, adopted based on the law on the operation of state bodies and local self-government units. Inspection supervision is a matter of state administration, and the sector has autonomous action towards state bodies and local self-government bodies, aiming to preventive activity or imposing legal measures and safety in the work of entities under the supervision sector. The Department for Inspection Affairs in Sport aims to carry out inspection supervision, i.e., implementing the Law on Sport and the regulations adopted based on this law. The significance and application of the research in practice are of great importance since it points out the procedural aspects in the work of the sector for inspection supervision for sport on the one hand and the legal work of sport clubs on the other. Considering the strategic importance of the role of inspection supervision in the work of sports clubs and its contribution to the development of overall sport in the country, the research confirmed a developmental connection with the aim of a joint fight against corruption, support, and motivation for the education of appropriate sport personnel both in the management ranks and professional sport responsibility at all levels of club activities. According to the statements of 60 surveyed sport clubs (5 karate, 4 football, 1 dance, 5 chess, 5 athletics, 10 motorsports, 10 boxing, 10 motorcycling, 2 figure skating, 4 bowling, 3 archery and one Sports Union), an educational approach is needed by multiple stakeholders in the country and the acquisition of greater awareness, knowledge, competencies in the area of opportunities for cooperation, building trust and a framework for joint sports activities. The conclusions that emerged from the research are that the clubs support the work of the inspectorate, its preventive action and taking measures to prevent or eliminate the consequences on protected goods, rights or interests, as well as imposing inspection measures to eliminate the identified irregularities and deficiencies. In this regard, as recommendations, we expect tasks related to monitoring and determining the situation in the field of sports to be carried out, creating development strategies and other measures that act in shaping the state policy towards sports. Furthermore, initiating and taking measures by the Ministry of Sport, normative tasks from the scope of the inspection sector and maintaining a register of sports organizations. Every country is considered successful if the organization and actions of the bodies with public authorities are based on generally accepted essential principles such as efficiency, effectiveness and economy. Sport clubs included in the system with a decision to carry out sports activities represent the foundation for supervision by the sport inspectorate in the joint building of a quality sport system.
**Keywords:** inspection, sport clubs, organizational structure, coordination and management, development cooperation.

# УЛОГАТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР ВО РАБОТАТА НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ НА ГРАД СКОПЈЕ

**Тања Китановска Стојковска**
AUE - FON Универзитет, Скопје, Северна Македонија, tanja.kitanovska@fon.edu.mk
**Fasli Sali**
Државен управен инспекторат, Скопје, Северна Македонија, fazli.sali@skopje.gov.mk

**Резиме***: Инспекцискиот надзор се извршува преку примена на запишани правила и прописи, донесени врз основа на закон за работење на државните органи и единиците на локалната самоуправа.* Инспекцискиот надзор е работа на државната управа, а секторот има автономно делување кон државните органи и органите на локалната самоуправа, со цел превентивна активност или наложување на законски мерки и безбедност во работата на субјектите кои се под надзорниот сектор. Одделението за инспекциски работи во спортот има цел да врши инспекциски надзор, односно спроведување на Законот за спорт и прописите донесени врз основа на овој закон. Значењето и примената на истражувањето во пракса има огромно значење, бидејќи се посочуваат процедуралните аспекти во работата на секторот за инспекциски надзор за спорт од една страна и законската работа на спортските клубови од друга страна. Имајќи го во предвид стратешкото значење за

улогата на инспекцискиот надзор во работата на спортските клубови и неговиот придонес врз развојот на целокупниот спорт во државата, истражувањето потврди развојна поврзаност со цел заедничка борба против корупцијата, поддршка и мотивација за едукација на соодветен спортски кадар како во управувачките редови, така и професионална спортска одговорност во сите нивоа на клубското делување. Според исказите на 60 анкетирани спортски клубови (5 од карате, 4 фудбал, 1 танц, 5 шах,5 атлетика, 10 автомобилизам, 10 бокс, 10 мотоциклизам, 2 уметничко лизгање, 4 куглање, 3 стрелаштво и еден Сојуз на спортови), потребен е едукативен пристап од страна на повеќе засегнати субјекти во државата и стекнување на поголема свесност, знаење, компетенции во делот на можности за соработка, градење на доверба и рамка на заедичко спортско делување. Заклучоците кои произлегоа од истражувањето се дека клубовите даваат поддршка на работата на инспекторатот, неговото превентивно делување и преземање мерки за спречување или отстранување на последиците врз заштитените добра, права или интереси, како и изрекување инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци. Во таа насока како препораки очекуваме да се извршуваат задачи поврзани со следење и утврдување на состојбите во областа на спортот, создавање на развојни стратегии и други мерки кои делуваат во обликувањето на државната политика кон спортот. Понатаму иницирање и преземање мерки од страна на Министерството за спорт, нормативни задачи од делокругот на инспекцискиот сектор и водење на регистар на спортски организации. Секоја држава се смета за успешна доколку во неа организацијата и постапувањето на органите со јавни овластувања се темелат на општо прифатени есенцијални принципи како ефикасност, ефективност и економичност. Спортските клубови вклучени во системот со решение за вршење на дејност спорт, претставуваат темел за надзор на спортскиот инспекторат во заедничкото градење на квалитетен спортски систем.
**Клучни зборови:** инспекциски надзор, спортски клубови, организациска структура, координација и управување, развојна соработка.

## 1. ВОВЕД

Инспекцискиот надзор претставува превентивно делување или преземање мерки за спречување или отстранување на последиците врз заштитените добра, права или интереси, како и изрекување инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци. Инспекцискиот надзор без сомнение зазема значајно место во целокупниот работен делокруг, што се врши од страна на државните органи во рамки на своите надлежности (Гризо, Гелевски, Давитковски и Данева, 2011). Во постапката за вршење на инспекциски надзор се применуваат одредби од Законот за инспекциска контрола (Закон за инспекциски надзор).

Инспекцискиот надзор е работа на државната управа и секторот има автономно делување кон државните органи и органите на локалната самоуправа, со цел превентивно делување или наложување на законски мерки и безбедност во работата на субјектите кои се под надзорниот сектор. Во исто време ги спречува или целосно стопира негативните последици според законот и другите законски заштитени добра и интереси на државата. Инспекцискиот надзор е сличен на другите облици на надзор и контрола, со чие спроведување се испитува примената на законите и другите прописи преку непосреден увид во работењето и постапувањето на субјектот под надзор, кои ги вршат органите и други субјекти со јавни овластувања, согласно посебен закон. Инспекциските служби како дел од целокупниот концепт на јавна администрација се стремат кон извршување на законски пропишаните надлежности во согласност со методологија на работа кон која се стреми јавната администрација (Стратегија за реформа на јавна администрација). Инспекцискиот надзор врши редовна или вонредна инспекција врз основа на годишната програма за работа или по пријава за проверка.

Одделението за инспекциски работи во спортот има цел да врши инспекциски надзор, односно спроведување на Законот за спорт и прописите донесени врз основа на овој закон, со непосреден увид во работењето и однесувањето на физички лица и организации од областа на спортот, утврдување на исполнетост на условите за вршење на спортски активности и стручно оспособување за спортски професии.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Имајќи го во предвид стратешкото значење за улогата на инспекцискиот надзор во работата на спортските клубови и неговиот придонес врз развојот на целокупниот спорт во државата, направивме истражување кое има за *цел да ја потврди развојната поврзаност* помеѓу државата и спортот, со цел заедничка борба против корупцијата, несоодветниот едукативен кадар од една страна и професионалната спортска одговорност опфатена со закон од друга страна. Во оваа насока се наметна потреба од *реализација на емпириско истражување (анкетирање)* насочено кон раководствата на клубовите кои делуваат на ниво на град Скопје, за да се анализира нивниот став кон работата на инспекторатот.

Спортските клубови вклучени во системот со „Решение за вршење на дејност спорт“, претставуваат темел за надзор на спортскиот инспекторат во заедничкото градење на квалитетен спортски систем. Па оттука ги поставивме следните *хипотези*:

$Х_1$: Спортските клубови не се запознаени со задолженијата на надзорниот спортски инспекторат;

$Х_2$: Сите спортски клубови регистрирани на територија на град Скопје, имаат решение за вршење дејност спорт;

$Х_3$: Работата на спортските клубови на територија на град Скопје, барем еднаш годишно е контролирана од инспекторатот (редовно, вонредно или по пријава);

$Х_4$: Поголем број од спортските клубови немаат искуство со претставки и пријави од друго/трето лице за нивната работа;

$Х_5$: Спортските клубови очекуваат повеќе поддршка од надзорниот инспекторат во делот на правилно и функционално работење.

Примерокот на испитаници го сочинуваат лица по едно од 60 спортски клубови на територија на град Скопје. Примерокот на третираните варијабили во прашањата се индикатори на секторот за инспекциски спортски надзор и неговото влијание во работата на спортските клубови.

Методолошкиот пристап како прибирање, систематизирање, анализирање и претставување на податоците е направен врз основа на анкетирање, графички приказ на резултатите и анализа.

Истражувањето е направено на почетокот на 2024 година, а се однесува на соработката помеѓу спортскиот инспекциски надзор и спортските клубови на територија на град Скопје, заклучно со работата до крајот на 2023 година.

## 3. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗА

Анкетниот прашалник беше доставен до 60 спортски клубови кои се регистрирани во Централен регисар и кои делуваат со адреса на територија на град Скопје. На основа на нивните одговори, е направена квантитативна и квалитативна анализа прикажана преку графички приказ на резултатите.

Преку оваа анализа допираме директно до клубовите за да ја согледаме состојбата од нивна перспектива, бидејќи тие се спортски субјекти со конкретни права и обврски кон законот и државата. Затоа нивното искуство и нивните ставови се многу важни и значајни за ова истражување.

Сите клубови кои се регистрирани на територија на град Скопје работат согласно законските регулативи и имаат Решение за вршење дејност спорт (граф. 1).

***Графикон бр. 1 „Дали имате Решение за вршење на дејност спорт“***




Извор: сопствен приказ од спроведена анализа

Клубовите се запознаени со работата на надзорниот спортски инспекторат (граф. 2) и се информирани и запознаени со своите права и обврски врзани за работата на клубот во кој делуваат.

***Графикон бр. 2 „Дали сте запознаени со работата и задолженијата на надзорниот сектор“***




*Извор:* сопствен приказ од спроведена анализа

Сите клубови еднаш годишно се контролирани од инспекторатот (граф. 3), исто така се контролирани и објектите во кои работат клубовите, како и спортските настани (натпревари) кои ги организираат:

***Графикон бр. 3 „Колку често вашиот клуб е контролиран од инспекторатот?"***




*Извор:* сопствен приказ од спроведена анализа

Одговорите покажуваат дека контролите на инспекцискиот надзор кон спортските клубови се редовни, што е доволно за пропишаната годишна рутинска инспекциска контрола, во случај кога нема дополнителни и вонредни пријави за работата или било какво незаконско делување на соодветен спортски клуб или член на спортскиот клуб.
На прашањето за добиени или испратени претставки/пријави од други/трети лица за работата кој ја вршат спортските клубови, од вкупно анкетираните спортски клубови, сите 60 одговорија дека немале претставки/пријави од други/трети лица за нивната работа (граф. 4):

***Графикон бр. 4 „Дали сте имале пријава од други/трети лица за вашата работа"***




Извор: сопствен приказ од спроведена анализа

Овие пријави можат да стигнат од независни членови на соодветниот спортски клуб, како што се родители на сегашни или некогашни спортисти под формата на други лица, или лица на кои од било каква причина им пречи работата на соодветниот клуб за кој поднесуваат пријава под формата на трети лица.
На прашањето во однос на познавање на своите права и обврски во случај на пријава, сите клубови одговорите позитивно (граф. 5), дека ги познаваат своите права 35 раководители и 25 од нив дека доволно се запознаени со проблематиката:

***Графикон бр. 5 „ Дали имате познавање за вашите права и обврски во однос на претставки и поплаки? "***




Извор: сопствен приказ од спроведена анализа

Иако дел од спортските клубови имаат познавања за своите права и обврски, сепак постојат помлади клубови или членови на клубови кои ги познаваат своите права доволно за свои потреби, за да делуваат во

јавност. Станува збор за субјективно прашање, од причина што кај нас многу ретко некој ќе ја посочи својата слабост во однос на правните и законски членови, а од друга страна нам сето ова ни е добар индикатор за поактивни обуки и организирање на работилници.
Начинот на поддршка од спортскиот надзорен инспекторат клубовите го дефинираат на следниот начин (граф. 6):

***Графикон бр. 6 „Каква поддршка очекувате од надзорниот инспекциски орган?"***




Извор: сопствен приказ од спроведена анализа

Првенствено на инспекторатот гледаат како поддршка од советодавен (20 клубови) и превентивен карактер (20 клубови), а потоа и како корективна (10 клубови) и информативна (10 клубови) услуга во насока на развој на спортот.
Сите наведени видови поддршка реално им се потребни на спортските клубови. Самата анализа дека различните клубови имаат и различна потреба за поддршка, ни покажува дека улогата на инспекцискиот надзор е многу важна во работата и развојот на спортските клубови и треба како таква да ја доживеат и самите клубови. Инспекторатот треба да ги земе во предвид наведените изјави и да разработи стратегија за отворена соработка и поддршката што на терен и ја очекуваат самите клубови.
Мал број на спортски клубови имаат јасен став во однос на директна можност за отворена работилница од страна на инспекторатот под форма на обуки и предавања, додека 45 претставници на клубови посочуваат дека раководните клубски органи треба да ги знаат целосно правата и обврските за работата на клубот.

***Графикон бр. 7 „Дали сметате дека треба да има обука за права и обврски на работата на спортските клубови?"***




Извор: сопствен приказ од спроведена анализа

Согласно дадените одговори може да констатираме дека сепак многу малку од спортските клубови се расположени да ги споделуваат јавно нивните потреби, или пак да бидат вклучени во работилници за права и обврски за она што го работат.

## 5. ДИСКУСИЈА

Одговорите на претставниците на клубовите ни даваат јасна слика за односот и искуството кое го имаат во директната соработка со инспекторатот по спорт. Сите спортски субјекти кои беа анкетирани, барем еднаш годишно се контролирани од инспекторатот на град Скопје. Ако ги сумираме одговорите ќе забележиме дека во спортските клубови инспекторатот за спорт влегува со редовна рутинска контрола и тоа е за: контрола и консултантски разговори за делувањето и развојот на клубот, за објектот во кој тренираат клубовите кои се регистрирани на територија на град Скопје (низ училишни сали, спортски сали и арени), за

време на организација на натпревари независно дали ги организира клубот кој делува на ниво на град Скопје или не, а сепак натпреварот се одржува на територијата на град Скопје.

Според резултатите и направената анализа на анкетираните, посочуваме дека спортските клубови работат согласно законите, етиката и компетентноста за регистрираните потреби, па во таа насока во посочениот период и немале никакви претставки. Сите клубови очекуваат поддршка од инспекторатот во интерес на општествен и меѓународен спортски развој, но ниту еден од нив официјално не се обратил за било каква помош. Поголемиот дел сметаат дека тие самите треба да се усовршуваат и да ги негуваат правата и обврските во согласност со нивната федерација. Информираноста можеби треба да биде индивидуална според потребите, но сепак општите права и обврски кон спортот, општеството во кое делуваат, административните процедури и перцепцијата на целата јавност кон клубовите, работата и спортскиот допринос, сепак треба да бидат на повисоко ниво на координација меѓу самите спортски клубови и надлежниот орган кој треба да ги застапува, штити и усовршува.

## 6. ЗАКЛУЧОЦИ

Секторот за инспекциски надзор во спортот и постапките кои ги спроведува во насока на функционалност на спортските клубови, е темел за заедничко градење на квалитетен спортски систем.

Спроведената анкета со 60 активни спортски клубови покажа дека:

- *првата хипотеза не е точна* и дека управата на спортските клубови е запознаена со работата на надзорниот спортски инспекторат;
- *втората хипотеза е точна* и дека сите анкетирани клубови имаат „Решение за вршење на дејност спорт";
- *третата хипотеза е точна,* а тоа значи дека барем еднаш годишно се посетени од надлежен спортски инспектор;
- *четвртата хипотеза е точна*, бидејќи клубовите немаат директно искуство со пријава за нивната работа и стојат на ставот дека добро ги познаваат своите права и обврски за таа проблематика;
- *петата хипотеза е точна,* бидејќи клубовите очекуваат советодавна, превентивна, корективна и информативна поддршка од инспекциските служби, а воедно поголемиот дел очекуваат заеднички работилници и обуки.

Според анализата, дискусијата и заклучоците препораката која се наметнува е дека во целиот развоен процес неопходен е едукативен пристап од страна на повеќе засегнати субјекти во државата, кои ќе придонесат за поголема свесност, знаење и компетенции со кои ќе се стекнат самите спортски субјекти во однос на соработката со државниот инспекторат. Нема сомнеж во правилното работење, туку процедурално преиспитување на обврските и ангажманите согласно правилата. Отвореност за соработка од двете страни и беспрекорна комуникација.

## БЛАГОДАРНОСТ

Овој труд е дел од едно поопсежно истражување како магистерска теза со ист наслов која беше успешно одбранета во Декември 2024 година. Авторите на овој труд се и автори на целосното академско истражување.

### КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Арнаудова, В., & Ефтоска М. И. (2019). Поврзаност на организациската поставеност со организациската култура и стилот на лидерство кај вработени во државни институции. Магистерски труд. Универзитет Св. „Кирил и Методиј".

Blanc, F. (2012). Improving Inspections–Better Implementation and Delivery Tools, Some examples of approaches and reforms to enhance outcomes and reduce burden. OECD Workshop, Jerusalem.

Vitanski, D. (2020). *The role of the Administration in the realization of the public interest in Republic of North Macedonia*. Faculty of Law - Kicevo, "St. Kliment Ohridski" University - Bitola Center for Scientific Research at the Faculty of Law - Kicevo, Bitola, Macedonia. ISBN 978-608-4670-14-8

Витански, Д. (2020). Јавна и државна администрација. Св. „Климент Охридски" – Универзитет – Битола. ISBN 978-608-4670-08-7

Pelivanova, N., & Ristovska, M. (2012) The principle of service oriented administration (Начело на сервисна ориентација на администрацијата). Зборник на Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје.

Гризо, Н., Гелевски С., Давитковски Б., & Данева П. А. (2011). Административно право. Универзитет Св. Кирил и Методиј, Правен факултет – Јустинијан Први. Скопје.

Давитковски, Б., & Данева, П. А. (2018). Административно право. прв дел (материјално право)-3. изменето и дополнето изд. - Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Данева, П. А. (2021). Односот на државата и граѓаните од аспект на управното законодавство во РМ. Годишен зборник на УГД.

Димитар, Ѓ. (2016). Трансформација на инспекциските служби во Република Македонија – основа за ефективност на државната управа и државната власт. Магистерски труд. Универзитет „Гоце Делчев“ Штип.

Дирекција за безбедност на класифицирани информации. (2020). Правилник за начин за вршење на инспекциски надзор. Службен весник на РСМ, бр. 246. 20202463207

Закон за Инспекциски надзор (2020). Службен весник на Р.М бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/2014, 33/15 и 193/15. Праксис.

Закон за спорт. (2022). https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2022/05/zakon-za-sport-kompleten-konsolidiran.pdf - преземено 25.08.2024

Inspection reforms: why, how and with hat results, Florentin Blanc OECD publication https://www.oecd.org/regreform/Inspection%20reforms%20-%20web%20F.%20Blanc.pdf, преземено на 07.08.2024

Министерство за информатичко оптштество и администрација. (2023). Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 со акциски план 2023-2026. https://kvalitet.mioa.gov.mk/wp-content/uploads/2024/05/strategi%D1%98a-za-reforma-na-%D1%98avna-administraczi%D1%98a-2023-2030-so-akcziski-plan.pdf преземено на 08.08.2024

НВО Инфо Центар. (2020). Истражување: Општински инспекциски надзор-проблеми и предизвици.

Прирачник. (2023). Методологија за вршење на инспекциски надзор. https://www.scribd.com/document/691877156/Content-5Cdocs - преземено 30.09.2024

Публикации на Инспекциски Совет (2023). Методологија за вршење на инспекциски надзор – Прирачник. Проект за унапредување на инвестирањето.